# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# АНТИКОРУПЦИСКА ПРОГРАМА ЗА 2025 ГОДИНА




СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2025

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Ев.број 14 -12/1
03.01.2025 година
С к о п ј е

На корупцијата како негативна појава на современото живеење не е имуна ниту една држава, без оглед на степенот на нејзиниот развој и истата е присутна во сите сегменти од општественото живеење.

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности.

Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Владата на Република Северна Македонија посветува големо внимание на процесот на градење на стандарди и принципи за превенција во борбата против корупцијата, развој на демократијата, владеењето на правото, успешно справување со сите видови на криминал и криминално однесување, вклучително и сите облици на организиран криминал.

Главен предизвик за Министерството за внатрешни работи како клучна институција за откривање на случаите поврзани со корупција, како и нејзино спречување подразбира навременото детектирање и идентификација на ризиците од корупција, како и навременото откривање, документирање и докажување на коруптивните однесувања во кои биле вклучени овластени службени лица.

Основна цел на Министерството за внатрешни работи во борбата против корупцијата е нејзино намалување и постигнување на антикорупциска култура кај вработените, градење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи согласно европските стандарди, подигнување на свеста на вработените преку соодветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во полицијата и непрофесионалното постапување и воспоставување на посакуваните етички стандарди.

Министерството за внатрешни работи со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на корутпивно однесување на вработените во Министерството и Полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај.

Базирајќи се на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата и Извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг за „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритет кај централната власт и органите за спроведување на законот, утврдените приоритети и заложби за справување со корупцијата на државно ниво но и во сопствените редови“;

Тргнувајќи од визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи;

Препознавајќи ја потребата да се обезбеди подигнување на довербата во институциите на системот, ефикасно користење на јавните ресурси и јакнење на демократијата, општествените вредности и остварување на човековите права;

Имајќи предвид дека корупцијата претставува особено комплексен социјален, безбедносен, политички и економски феномен кој што произведува закана за функционирањето на демократијата, правната држава и владеење на правото и директно доведува до прекршување и злоупотреба на човековите права

и слободи, а овозможува услови за развој на организираниот криминал и другите закани по безбедноста и стабилноста на државата и граѓаните.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи за 2025 година, ја донесува следнава:

## А Н Т И К О Р У П Ц И С К А  П Р О Г Р А М А

### I. ЦЕЛ:

Борбата против корупцијата е утврдена како еден од врвните стратешки приоритети во Стратешкиот план на Министерството за внатрешни работи 2024-2026 во кој се наведува дека во наредниот период, Министерството ќе се фокусира кон подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето, со цел јакнење на владеење на правото преку неселективна борба со организираниот криминал, корупцијата, илегалната миграција, тероризмот и сајбер заканите.

Во таа насока оваа Антикорупциска програма има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои овозможуваат нејзино ширење.

За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

Борбата против корупцијата на ниво на Министерството за внатрешни работи подразбира постоење и соработка на Министерството со другите ресорни министерства, државни органи и институции за борба против корупцијата и криминалот воопшто. Соработката треба да служи како базична основа и водечка сила на институциите во борба против корупцијата. Во таа насока неопходно е постоење на функционална поврзаност и формирање на заедничка база на

податоци до кои ќе имаат пристап сите субјекти задолжени за борба против корупцијата, со цел размена на информации заради обезбедување одржлив систем на заеднички приод во реализирањето на сопствените обврски на институциите за неселективната борба против корупцијата.

ПОЛИЦИСКА КОРУПЦИЈА:

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“.

Најчести фактори на ризици од корупција се:

- системски или надворешни фактори на ризици од корупција. Тоа се фактори кои ја отсликуваат постојната состојба во однос на правната регулатива во дадена област, владеење на правото, функционирање на институциите и сл.;

- институционални/организациски фактори на ризици од корупција. Тоа се фактори кои произлегуваат од институционалната поставеност на јавниот систем, а најчесто се појавуваат како: непостоење на политики, процедури и системи за одредена област, несоодветно управување со човечки ресурси, неказнивост за одредени пропусти во работењето, несоодветни услови за работа;

- индивидуални фактори на ризици од корупција. Тоа се фактори кои може да влијаат поединците да пристапат кон коруптивно или неетичко однесување: недостаток на интегритет, недостаток на знаење и вештини, несоодветен надзор врз работата, судир на интереси, притисоци на работата, култура на однесување и

- фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена област: нетранспарентност во работењето, несоодветен систем на управување со документација, премногу дискрециони овластувања и сл.

Под поимот корупција во Министерството за внатрешни работи се подразбира секое прекршување на стандардните постапки и процедури, злоупотреба на службената должност или пречекорување на полициските овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана,

прифатена или очекувана корист, за себе или за некој друг.

Најчести фактори што придонесуваат за појава на корупција во полицијата се: содејство помеѓу непрофесионализмот и лошата организација, вработување нестручен кадар, занемарување на критериумите при избор, унапредување, распоредување и обука на вработените во Министерството.

Министерството за внатрешни работи со својата проактивна борба против корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, гради контролни механизми, мерки и активности со кои ќе го стесни просторот на коруптивно однесување на вработените во Министерството и Полицијата, како и откривање и соодветно санкционирање на секој конкретен случај.

Обврска на сите вработени е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди кои се применуваат во Министерството и Полицијата. Потребно е секој вработен да го почитува Етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција, и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата. Никој не смее да биде исклучок при утврдување на одговорноста за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, ограничува или на кој било начин разводнува процесот на утврдување одговорност.

Формите на корупција во Министерството за внатрешни работи се препознаваат преку:

- постапување или непостапување на вработените во Министерството при вршење на службените задачи за што како возврат бараат или прифаќаат некаква корист, погодност или интерес за себе или за друг;
- непочитување на стандардните постапки и процедури;
- злоупотреби на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг.

Основна цел на Министерството за внатрешни работи во борбата против

корупцијата е нејзино намалување и постигнување на антикорупциска култура кај вработените, градење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи согласно европските стандарди, подигнување на свеста на вработените преку содветни обуки, отстранување на условите за постоење на корупција во полицијата и непрофесионалното постапување и воспоставување на посакуваните етички стандарди.

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста, законитоста во работењето и унапредување на полицискиот интегритет преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и превенирање и санкционирање на сите форми на корупција во Министерството за внатрешни работи.

Имајќи го предвид наведеното во Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи за 2024 година посебно внимание е посветено на:

- јакнење на интегритетот и одговорност во работата и создавање доверба на граѓаните во институцијата;
- доследно почитување на Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството;
- превентивно дејствување што подразбира намалување на ризиците за корупција;
- репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата;
- кај себе и останатите вработени да развиваме висока свест за штетноста од корупцијата;
- да се има став дека е неопходно да се отстрани корупцијата од средината во која што живееме и работиме и со сопствен пример да влијаеме на останатите вработени во Министерството за внатрешни работи;
- да се отфрли понудата за учество во коруптивно однесување;
- да сфатиме дека доколку коруптивно се однесуваме на општеството му

нанесуваме поголема штета од korиста која е остварена, да сме свесни дека со ваквото постапување се изложуваме на казнени санкции и можноста за губење на работното место.

**Во контекст на наведеното приоритетни цели за 2025 година ќе бидат:**

1. Јакнење на полицискиот интегритет и подигнување на етичката свест на вработените преку почитување на Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството;
2. Спроведување на мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025;
3. Доследно почитување на законската регулатива;
4. Транспарентна постапка за вработување и унапредување во Министерството;
5. Едукација на вработените во Министерството за внатрешни работи заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување на коруптивно однесување во Министерството;
6. Обврска за пријавување на имот/интереси од страна на вработените во Министерството;
7. Континуирана и специјализирана обука во Министерството;
8. Унапредување на соработката помеѓу државните тела и институциите надлежни за спречување и борба против корупцијата, невладините и меѓународни организации;
9. Контролни механизми врз примена на дискреционите овластувања од страна на полициски службеници;
10. Транспарентност во Министерството;
11. Спроведување на внатрешни контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
12. Дигитализација на работните процеси во Министерството за внатрешни работи.

## III. 1. ЈАКНЕЊЕ НАПОЛИЦИСКИОТ ИНТЕГРИТЕТ И ПОДИГНУВАЊЕ НА ЕТИЧКАТА СВЕСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ПРЕКУ ПОЧИТУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Кога се зборува за корупција, задолжително се разгледува и поимот интегритет. Поимот „интегритет" значи законско, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на активности со кои службените лица го штитат својот углед и угледот на институцијата за која се одговорни, односно во која се вработени, ги отстрануваат ризиците и сомнежите за можност за појава и развој на корупција и со тоа тие ја стекнуваат довербата на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Системот за интегритет во рамките на институцијата го означува збирот од сите политики, стандарди, процедури кои ја зајакнуваат нивната отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на вработените во институцијата.

Интегритетот во полициското работење претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Кога станува збор за интегритетот на Министерството за внатрешни работи, фокусот паѓа на создавањето низа вредности и нивно интегрирање во постоечките подзаконски акти, соодветни стратегии, планови и други прописи кои се однесуваат на корупцијата и коруптивното однесување.

Полицискиот интегритет наложува полициското работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се транспарентност, непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права. Полицијата треба да промовира интегритет на сите нејзини нивоа, а полицискиот службеник со интегритет потребно е да претставува пример во средината бидејќи тој е клучот во борбата против корупцијата и заштитник на човековите права. Полициски службеник со интегритет потребно е да поседува знаења и вештини, етички

капацитет, решителност и професионалност преку почитување на воспоставените правила и процедури што ќе биде во полза на јавниот интерес и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста. Личниот интегритет на полицискиот службеник го одразува интегритетот на Министерството за внатрешни работи, па оттука од голема важност е и интегритетот на раководниот кадар преку наметнување на високи професионални вредности да се овозможи доследно почитување на правилата и прописите при извршување на работните задачи од страна на вработените во Министерството.

Со цел воспоставување на правила за однесување за време на извршување на работните задачи, меѓусебните односи, односот кон граѓаните и заштита на јавниот интерес, во Министерството за внатрешни работи донесен е Етички кодекс за однесување на работниците во Министерството во кој се консолидираа одредбите за етичките прашања и се понудија практични насоки во делот на полицискиот интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција. За да се спречи појавата на корупциски дејствија помеѓу полициските службеници, не е дозволено барање или прифаќање на подароци (стоки и услуги или други добра) кои се наменети за нив лично или нивните семејства доколку нивното нудење или доделување е директно или индиректно поврзано со нивната професионална дејност.

Врз основа на одредбите од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството, Министерот за внатрешни работи овласти лице за давање совети за интегритет, судир на интереси и примање на подароци, чии податоци се јавно објавени на веб страницата на Министерството за внатрешни работи. Исто, така, имајќи предвид дека високиот полициски интегритет е токму основата на ефективната борба против криминалот и корупцијата, Министерот за внатрешни работи потпиша Политика за интегритет која е јавно објавена на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Исполнувајќи ги препораките од ГРЕКО со кои се препорача секој орган на државна управа да донесе подзаконски акти со кои детално ќе се уреди материјата поврзана со судир на интереси и примање на подароци, Министерот за внатрешни работи донесе Упатство за начинот на постапување на избраните и именувани

лица и работниците во Министерството за внатрешни работи со цел спречување на судирот на интереси во Министерството за внатрешни работи бр.13.1.1-74120/1 од 28.05.2023 година и Упатство за начинот на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Министерството за внатрешни работи бр.13.1.1-74117/1 од 28.05.2023 година.

Потребно е вработените во Министерството да имаат висок степен на познавање на Етичкиот кодекс, а со цел обезбедување на законитост, професионален и личен интегритет, висок морал и стандарди, ефикасност, ефективност, посветеност и зголемена одговорност при вршењето на работните задачи, како и почитување на човековите права, преку еднаков третман и недискриминација.

Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човекови права во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, континуирано спроведува обуки на сите вработени во Министерството за внатрешни работи за сите теми кои се однесуваат на спроведувањето на системот за интегритет во Министерството како основна премиса во борбата против корупцијата, со посебен акцент на подигање на нивото на професионалниот интегритет на вработените, спречување на судир на интереси и примање на подароци, охрабрување на вработените од Министерството за внатрешни работи, да пријавуваат казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

## III.2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ПРЕДВИДЕНИ ВО АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2023-2025;

Проценката на ризик од институционална корупција претставува процес за управување со корупција кој веќе се применува во Република Северна Македонија и истиот овозможува идентификување на ризиците од корупција, т.е. факторите кои можат да придонесат кон корупција.

Најдобрата превентивна одбрана против корупцијата е стабилниот систем на внатрешни контроли кој треба да биде дизајниран и да се применува како соодветен одговор на ризиците утврдени за време на активностите при проценка на ризиците. Меѓутоа, институциите исто така треба да работат на воспоставување на соодветна структура и култура со која ќе се обесхрабри потенцијалното коруптивно однесување.

Врз основа на претходно извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во Министерството за внатрешни работи се изврши проценка на ризиците од корупција и во таа смисла, е изработен План за интегритет на работните места во Министерството за внатрешни работи 2023-2025 и Акциски план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025. Овој план претставува стратешки анти-коруптивен документ за градење на интегритет кој содржи сет на мерки за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно однесување.

Во Планот за интегритет, детектирани се шест области од работењето на Министерството за внатрешни работи кои се најмногу изложени на коруптивно или друго незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет и тоа:

- ризици од злоупотреба на службената положба од страна на овластени службени лица од управните служби кои се во директен контакт со граѓани во постапки на издавање на лични документи, уверенија, дозволи и сл,

- ризици од примање поткуп во сообраќајната и граничната полиција,

- ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања,

- ризици во областа на спроведување на јавните набавки, -

- ризици во областа на управувањето со човечки ресурси,

- ризици поврзани со етиката, непристрасноста, достоинството, заштита на угледот на Министерството за внатрешни работи.

Во Акцискиот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Во Акцискиот план исто така се предвидени и цели за спроведување на индикаторите во наредните три години преку кои ќе се следи степенот на реализација на Планот за интегритет, односно ќе се постигне ниво на целосна следливост на спроведените мерки и нивната реализација, а со тоа и постигнати резултати. Планот за интегритет на работните места во Министерството за внатрешни работи 2023-2025 и Акцискиот план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025 се објавени на веб страната на Министерството за внатрешни работи.

Во насока на спроведување на мерките предвидени во Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во текот на 2024 година спроведени се 10 обуки во 15 организациски единици на кои беа присутни 196 слушатели, а со цел јакнење на интегритетот на вработените во управните служби, сообраќајна полиција, гранична полиција, Одделението за спроведување на јавни набавки, како и намалување на злоупотреба на службена положба и овластување и законска примена на полициски овластувања од страна на полициски службеници. На овие обуки, посебно внимание се посвети на запознавање на вработените со одредбите од Етичкиот кодекс, Законот за заштита на укажувачи, стандардите на системот за интегритет, примање подароци, судир на интереси и слично.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежна организациска единица да го следи спроведувањето на Акцискиот план за реализација на Планот за интегритет 2023-2025 и во текот на 2025 година ќе ги преземе потребните мерки и активности со цел реализација на планот, а заради постигнување на крајната цел, а тоа е

зајакнување на интегритетот на сите работници во Министерството за внатрешни работи и сузбивање на коруптивното однесување во редовите на Министерството.

### III.3. ДОСЛЕДНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Низа законски и подзаконски акти во Република Северна Македонија ги содржат и ги регулираат основните антикорупциски принципи, како што се законитоста, транспарентноста, отчетноста, одговорноста, фер третманот и непристрасноста во вршењето на службената положба и овластувањата, почнувајќи од највисокиот акт, Уставот, преку законите, сѐ до етичките кодекси.

Сепак, најзначаен во оваа смисла е Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кој ги уредува мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси.

Законот за заштита на укажувачи, исто така, спаѓа во групата на антикорупциска регулатива, бидејќи ги регулира начинот и постапката за заштитено пријавување со кое се пренесува сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Кривичниот законик на РСМ посветува повеќе членови кои опфаќаат кривични дела со елементи на корупција, како што се: „Примање поткуп“, „Давање поткуп“, „Давање награда за противзаконито влијание“, „Примање награда за противзаконито влијание“, „Противправно стекнување и прикривање имот“, „Прикривање на потеклото на несразмерно стекнат имот“.

Законот за јавните набавки содржи конкретни одредби за спречување и за пријавување на корупцијата при спроведувањето на постапките за јавни набавки, како и за спречување и управување со судирот на интереси, бидејќи регулира една од сферите што се најподложни на корупција.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја утврдува обврската на државните институции проактивно да објавуваат информации и

документи од нивното работење, како и бесплатно ставање на располагање на сите оние информации од јавен карактер што од нив ќе бидат побарани.

На ова место значајно е да се споменат и Законот за лобирање, Изборниот законик и Закон за јавна внатрешна финансиска контрола.

## III.4. ПОЧИТУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Почитување на транспарентноста во постапката за вработување и унапредување во Министерството за внатрешни работи, освен за вработувањата што се спроведуваат врз основа на посебни одредби од Законот за внатрешни работи е една од приоритетните цели на оваа програма. Во Законот за внатрешни работи децидно е изразена потребата од почитување на начелото на транспарентност во постапките при вработување и унапредување во Министерството, а работен однос без јавен оглас во Министерството се заснова само за работни места за кои во актот за систематизација на работните места, поради видот и природата на работните задачи, како и посебните услови под кои тие се извршуваат.

Постапката на унапредување има за цел да им овозможи на работниците во Министерството кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места. Работник во Министерството може да биде унапреден на друго работно место кое во однос на претходното работно место е повисоко во Класификацијата на работните места. Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност. По исклучок, транспарентноста на постапката нема да се однесува на унапредување на работници на определени работни места.

Управувањето со човечките ресурси засновано на резултати претставува клучниот елемент во борбата против корупцијата. Вработените во Министерството за внатрешни работи потребно е да ги исполнуваат високите барања поврзани со образованието, квалификациите, угледот, личните и професионалните компетенции. Неопходна е континуирана и специјализирана обука на вработените во Министерството за внатрешни работи за работните места на кои се распоредени со цел успешно извршување на работните задачи во насока на обезбедување зголемена ефикасност во работењето. Еден од најважните начини вработените да напредуваат во кариерата е да го зголемуваат своето ниво на компетенции, а тоа најчесто го остваруваат преку посетување на стручни и специјализирани обуки со кои може да ги развиваат и унапредуваат општите и посебните компетенции.

Оценувањето на вработените во Министерството за внатрешни работи треба да биде објективен процес, преку кој ќе се наградат најуспешните вработени и на овој начин ќе се обезбеди мотивација на вработените за постигнување на посакуваните карактеристики на работната изведба и однесување, а истовремено и да се охрабрат да преземат одговорност за одржување на високо ниво на личен и професионален интегритет.

Во однос на областа на управување со човечки ресурси потребно е целосно да се почитуваат начелата на конкурентност, транспарентност и отчетноста; да се зголеми контролата врз примена на интерните процедури за начинот на вработување, распоредување и унапредување со цел правилно спроведување на овие постапки, изолирано од било какви влијанија (непотизам, кронизам и политизација); јасно дефиниран систем на кариера и оценување без фаворизирање на поединци.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на РСМ“ бр.89/22), како новитет во условите при засновање на работен однос во Министерство за внатрешни работи, се предвиде забрана за членство во политичка партија, односно лицето – кандидат за засновање работен однос во Министерство за внатрешни работи кон пријавата

покрај останатите документи треба да достави и своерачно потпишана изјава со која ќе потврди дека не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија.

Истовремено, ваквата забрана за членување во политички партии се утврди и за сите вработени во Министерството за внатрешни работи. Постапувањето на работник спротивно на оваа забрана е предвидено како потежок случај за дисциплинска одговорност и основ за поведување на дисциплинска постапка.

На овој начин, Министерството за внатрешни работи на РСМ цврсто ја покажа својата заложба за дефакторизирање на припадноста на одредена политичка партија како услов за вработување или унапредување во Министерството за внатрешни работи.

Во текот на 2025 година, посебно внимание ќе биде посветено на професионализација, департизација и деполитизација на вработените во Министерството и полицијата.

## III.5. ЕДУКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗАРАДИ ЗАШТИТЕНО ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО ПРИЈАВУВАЊЕ НА КОРУПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

Во насока на борбата против корупцијата, донесен е Закон за заштита на укажувачи со кој се уредува заштитеното внатрешно и надворешно пријавување.

Механизмите за укажување се основно средство за превенција, откривање и спречување на коруптивни активности, нарушување на интегритетот и несоодветно однесување. Во процесот на спроведување на системот на интегритет, од особена важност е да заживее примената на Законот за укажувачи, да се активираат каналите за заштита на идентитетот на луѓето (вработени во Министерството за внатрешни работи или надворешни лица) кои сакаат да пријават случаи на корупција во Министерството за внатрешни работи.

Основниот Закон за заштита на укажувачи беше донесен во 2015 година со кој се уредува заштитеното пријавување, правата на укажувачите како и

постапувањето и должностите на институциите, односно правните лица во врска со заштитеното пријавување и обезбедувањето заштита на укажувачите, а измени и дополнувања на законот се донесени во февруари 2018 година.

Врз основа на овој закон во Министерството за внатрешни работи и врз основа на членот 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите на јавниот сектор и член 2 став 5 од Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите на јавниот сектор е донесено Упатство за начинот на постапување за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Министерството со кое е уредена и целосно разработена постапката за заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Министерството. Министерот за внатрешни работи со решение назначи овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно и надворешно пријавување во Министерството.

Со цел запознавање на вработените во Министерството за внатрешни работи со значењето на Законот за укажувачите како битна алатка во борбата против корупцијата, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди - Одделение за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права, континуирано се спроведуваат едукативни работилници на овластени службени лица на Министерството од различни организациски единици.

Обезбедувањето на доверливоста е клучна за заштита на лицето кое пријавува во сите фази на постапката.

Но, покрај тоа што, Законот за заштита на укажувачи и подзаконските прописи обезбедуваат доверливост и заштита на идентитетот на лицето кое пријавува, во праксата не се забележува активна примена на законот. Фактот дека Полициските службеници ретко зборуваат за несоодветното постапување на колегите е реалност и е знак на солидарност помеѓу колегите. Меѓутоа, полициските службеници исто така треба да бидат свесни дека е многу тешко да се негува интегритетот во полициската служба без заложбите на сите полициски службеници кои работат професионално и со интегритет и сакаат целата организација да го зголеми својот интегритет. Интегритетот не може да зајакне

доколку никој никогаш не прозбори за однесувањата кои го поткопуваат и на ниво на поединецот и на ниво на организацијата.

## III.6. ОБВРСКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИМОТ/ИНТЕРЕСИ ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Со цел следење на имотната состојба и судирот на интереси на вработените, со Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на РСМ“ бр.89/22), се предвиде нов член 70-б кој утврдува дека:

При засновање на работен однос во Министерството, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на склучување на договор за вработување, работниците во Министерството поднесуваат изјава за имотна состојба и интереси, до надлежната организациска единица во Министерството, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со закон.

Работниците во Министерството се должни во рок од 30 дена да пријават зголемување на нивниот имот, односно на имотот на член на нивното семејство, како и промената на интереси, во постапка и под услови утврдени со закон, до надлежната организациска единица во Министерството, на образец што го пропишува Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со закон.

Работниците во Министерството задолжително поднесуваат изјава за имотната состојба и интереси до надлежната организациска единица во Министерството во рок од 30 дена од денот на прекинувањето на договорот за вработување.

Во рамките на надлежностите на ОВККИПС е и водење евиденција за имотната и финансиската состојба за вработените во Министерството, контрола на точноста на податоците пријавени во имотниот лист и контрола на промените во финансиската состојба. Во таа насока Одделот ќе продолжи и во 2025 година да ја следи на имотната состојба и судирот на интереси на вработените во Министерството за внатрешни работи.

## III.7. КОНТИНУИРАНА И СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ОБУКА ВО МИНИСТЕРСТВОТО

Во Министерството за внатрешни работи редовно се спроведува континуирана и специјализирана обука на вработените со цел поуспешно вршење на работните задачи од страна на работникот на работното место на кое е распореден, извршување на работните задачи професионално, политички неутрално и непристрасно.

Обуките се спроведуваат за сите вработени во Министерството независно од полот, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.

Организациските единици задолжени за изготвување на годишните програми за обука на вработените во Министерството имаат обврска во годишните програми да планираат и соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на службите кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување.

На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на коруптивното однесување во сопствените редови. Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат етички и морални вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.

Способноста и стручноста на вработените во Министерството за внатрешни работи го одредува капацитетот на Министерството за справување со корупцијата со посебен акцент на елиминирање на причините што ја генерираат нејзината појава и враќање на довербата во институцијата.

Исто така и на полето на заштитата на човековите права од страна на Одделот во континуитет се преземаат активности за стручно усовршување на вработените.

Во текот на 2025 година се планира да се спроведат обуки од областа на водење на криминалистички истраги во соработка со Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основниот кривичен суд, вршење

на внатрешна контрола и контрола на професионалните стандарди, како и за спроведување на постапките за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина, имајќи ги предвид измените и дополнувањата на Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи согласно кои Одделот станува овластен предлагач за поведување на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност.

## III.8. УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА ПОМЕЃУ ДРЖАВНИТЕ ТЕЛА И ИНСТИТУЦИИТЕ НАДЛЕЖНИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА, НЕВЛАДИНИТЕ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Меѓуинституционалната соработка преку заеднички и унифициран пристап има голема улога во борбата против корупцијата и криминалот. Во таа насока потребно е јакнење на капацитетите на соодветните организациски единици во Министерството за борба против корупцијата за што од голема важност е навремената размена на информации со Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во рамки на Јавното обвинителество за гонење на организиран криминал и корупција. Министерството развива соработка со други органи на  државна управа и институции за борба против корупцијата и криминалот како што се: Народниот правобранител, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Царинската управа, Управата за финансиска полиција,  Државна комисија за спречување корупција. Преку воспоставена соработка со невладините организации, Здружение на новинари на Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права, Здружение на млади правници и останати организации и граѓански здруженија, Министерството за внатрешни работи ќе рализира проекти од областа на борба против корупцијата и заштита на човековите слободи и права.

Не смееме да го занемариме фактот дека корупцијата излегува надвор од националните граници на државата и оттука, ниту една земја не може самостојно да се справи со оваа појава без заеднички и координиран пристап со соседите и со државите од меѓународната заедница.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како надлежна организациска единица која презема мерки и дејствија за откривање и сузбивање на кривични дела со елементи на корупција и други форми на коруптивно однесување, континуирано соработува со сродни служби од други држави, меѓународни институции и организации и ќе развива најширока можна меѓународна соработка во сите области за борба против корупцијата.

Со цел зајакнување на регионалната соработка во борбата против корупцијата, интегриран пристап кон заедничката работа вклучувајќи ги сите форми на засилена соработка и размена на информации, како и нејзино понатамошно развивање, продлабочување и проширување, експертска надградба, Министерството за внатрешни работи претставувано преку Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе биде дел од мрежата за зајакната соработка на единиците за внатрешна контрола од регионот и пошироко (NERCISU), EPAC – Европското партнерство против корупцијата, Мрежата за внатрешни истраги воспоставена од страна на Шведската полиција (ICIN), ОБСЕ - Платформа за борба против корупција во граничната полиција, Проектот: „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ кој во Министерството за внатрешни работи се спроведува под покровителство на Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Р.Норвешка (CIDS), ќе соработува со Регионалната анти-корупциска иницијатива RAI и Центарот за безбедносна соработка за земјите од Југоисточна Европа RACVIAC. Одделот особено ќе ја интензивира соработката со ИЦИТАП програмата при Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија со чија поддршка Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди стана член на Националната асоцијација на службите за внатрешна контрола на САД (NIAIA).

## III.9. КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ВРЗ ПРИМЕНА НА ДИСКРЕЦИОНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Заштитата на човековите права и слободи на сите граѓани е она што секое демократско општество првенствено го очекува од полицијата.

Обврска на сите вработени во Полицијата е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно закон, правилата, прописите и професионалните стандарди кои се применуваат во Министерството за внатрешни работи. Потребно е секој вработен да го почитува Етичкиот кодекс за однесување на работниците, со цел обезбедување на законитост, професионален и личен интегритет, висок морал и стандарди, ефикасност, ефективност, посветеност и зголемена одговорност при вршењето на работите и работните задачи, зајакнување на интегритетот на Министерството во целина, како и почитување на човековите права, преку еднаков третман и недискриминација, без повластување и без никаков личен интерес, почитувајќи ги туѓите права и достоинство. Полициските службеници треба да поседуваат способност да ги препознаат облиците на незаконско и непрофесионално постапување и да се спротивстават на истите и на тој начин манифестираат висок степен на интегритет во работењето.

Но, се случува полициските службеници од различни причини и мотиви, при примената на полициските овластувања да постапат спротивно на законот и истите да ги пречекорат со што ги повредуваат човековите права и слободи.

Ризиците од прекумерна употреба на физичка сила од страна на полициските службеници доведува до директен атак врз човековите права и слободи загарантирани со Уставот, законите и меѓународните ратификувани договори. Полицијата поседува полициски овластувања (вклучувајќи ја и можноста за употреба на сила) за привремено да ги лиши луѓето од нивната слобода, да го ограничи потполното уживање на нивните права (пр. да ги запре, да ги испраша, да ги задржи и да ги уапси, да им одземе имот, да им земе отпечаток од прст, да ги фотографира и да изврши личен претрес). Покрај тоа, во повеќе наврати, полицијата има дискреционо право да одлучи дали и како ќе ги користи овие овластувања. Како и да е, полициските службеници секогаш мора да се

придржуваат до владеење на правото во согласност со најдобрите меѓународни стандарди и процедурални правила и стратегии кои се пропишани во применетите национални закони. При извршувањето на нивните задачи, полициските службеници мора да го почитуваат и заштитат човековиот дигнитет и да ги зачуваат и заштитат основните човекови права, како и граѓанските и политичките права.

Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, при изработка на Планот за интегритет на Министерството за внатрешни работи, како еден од ризиците за непрофесионално и незаконито постапување на полициски службеници го препозна ризикот од прекумерна употреба на физичка сила при примена на полициските овластувања. Заради сузбивање на овој ризик, во Акцискиот план се предвиде одржување на обуки од оваа област, како и зголемен број на внатрешни контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, но и надзори од страна на раководниот кадар во секој организациска единица каде се употребуваат средства за присилба. Во текот на 2024 година, 156 полициски службеници од 15 организациски единици беа слушатели на обуки предвидени со Акцискиот план за спроведување на Планот за интегритет 2023-2025 од областа на прекумерна употреба на сила, а во текот на 2025 година ќе се продолжи со спроведување на обуки од оваа област.

Во насока на континуирано стручно усовршување и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството, од страна на Одделот, тековно се одржуваат работилници на кои се презентира Програмата за јакнење на полицискиот интегритет, при што во рамки на проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ кој се спроведува во соработка со Центарот за интегритет во безбедносниот сектор на Кралството Норвешка (ЦИДС) спроведени се 4 обуки на тема: „Употреба на полициска сила“ на која присуствуваа 92 слушатели.

Извесно е дека незаконските појави во работата на полицијата поттикнуваат создавање на негативниот имиџ во општеството, а со тоа и недовербата на граѓаните во работата на полицијата.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е надлежна организациска единица во Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија која врши контрола на законитоста во работата на полициските службеници, како и на другите вработени во Министерството особено во однос на почитувањето и заштитата на човековите и права и слободи при извршување полициски задачи и примена на полициски овластувања.

Покрај внатрешната контрола над работата на полицијата, во секое демократско општество, мошне важен сегмент е и надворешната контрола која врз полицијата ја вршат: Народниот правобранител, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција каде е формирано специјализирано одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од страна на лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција, невладиниот сектор, јавноста и др.

## III.10. ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Активностите за подобрување на пристапот до информации треба да се насочат кон редовното ажурирање на веб страницата на Министерството за внатрешни работи и тоа преку објавување на извештаи за постигнати резултати и ефикасност во работењето, статистики, правилници и други информации од интерес за јавноста.

Транспарентноста се согледува преку овозможувањето на граѓаните да бараат и да добиваат информации за работењето на Министерството за внатрешни работи, односно преку обврската на Министерството за внатрешни работи да ги доставува и објавува тие податоци. Транспарентноста за работата на Министерството за внатрешни работи треба да се однесува за сите прашања од делокругот на надлежностите на институцијата, која подразбира дека на јавноста и треба да и се лесно достапни политиките, законите, стратешките документи и информациите за донесените одлуки и активности, со што се олеснува процесот на информирање и за граѓаните и за институцијата.

На интернет страната на Министерството за внатрешни работи можат да се најдат информации од областа на корупција и нејзина превенција и тоа: правна регулатива поврзана со градење на системот на интегритет, заштита на укажувачи, судир на интереси, примање на подароци, како и податоци за овластени лица од министерот за внатрешни работи за прием на пријави од укажувачи и за советување за интегритет, судир на интереси и примање подароци.

Со транспарентноста се овозможува увид на граѓаните во работата и креирањето на политиките во Министерството, како и комуникација меѓу граѓаните. Потребно е заемна доверба, трпение и разбирање за фактот дека резултати ќе постигнеме само доколку обезбедиме докази согласно пропишана законска постапка.

Основен правен акт врз кој се темели транспарентноста е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Со цел да се зајакне отвореноста и транспарентноста на институциите и да им се овозможи на граѓаните и на другите институции да го остваруваат правото на слободен пристап на информации, Законот за слободен пристап до информации предвидува низа обврски и должности за институциите како иматели на информации. Законот, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување на информации, односно за самостојно објавување на информации. Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, има назначено службено лице за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Вработените и граѓаните можат да пријават незаконско, несоодветно и коруптивно однесување на вработените во Министерството за внатрешни работи во текот на 24 часа и тоа:

- на бесплатниот телефонски број 199;
- по електронски пат на следните е-маил адреси: prijavi_i_poplaki@moi.gov.mk и OVKKIPS@moi.gov.mk;

- во просториите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во Министерството за внатрешни работи  или најблиската полициска станица од општа надлежност.

## III.11. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИ КОНТРОЛИ ОД СТРАНА НА ОДДЕЛОТ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Во рамките на својот делокруг на надлежности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) врши внатрешна контрола која претставува преземање на активности од страна на работниците на ОВККИПС при постапување по примен усен или писмен поднесок поднесен од граѓанин или друг субјект, заради утврдување на вистинитоста на наводите изнесени во неа и давање предлог за поведување на постапка за утврдување одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина и за утврдување на материјална, професионална, прекршочна или кривична одговорност на работниците во сите случаи на нивно незаконито постапување.

Спречувањето и контролата на корупцијата можат да бидат потпомогнати од различни механизми за мониторинг и за контрола, како што се плановите за внатрешни проверки и внатрешна и надворешна контрола.

Внатрешната контрола, како важна алатка за откривање на коруптивни практики при вршењето на контролата, ја проценува ефикасноста и ефективноста на процесите на управување со ризиците, особено ефикасноста на контролните механизми.

Проценувајќи ја соодветноста и ефективноста на контролните механизми во однос на спречување и минимизирање на ризиците, внатрешната контрола во своите извештаи во наодите укажува на ризиците, односно на несаканите настани кои може да се активираат како последица на несоодветни и неефикасни контролни механизми. Препораките во извештаите најчесто се насочени кон зајакнување на постојните контролни механизми или воведување на нови контроли.

Ефективните внатрешни контроли и управувањето со ризици ја намалуваат ранливоста на институцијата на корупција и овозможуваат оптимално работење насочено кон јавниот интерес. Доколку се применува успешно, управувањето со ризици ќе овозможи подобро одлучување, зголемување на ефикасноста, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства, јакнење на довербата во управувачкиот систем и развој на позитивна организациска култура.

Целта на овие алатки не е да детектира постоечка корупција, туку да се процени ризикот дека во текот на работењето може да настане некаква форма на незаконски или неетичко однесување.

Во оваа насока, не е доволно Министерството за внатрешни работи да се заложува за нулта толеранција кон корупцијата, туку сите вработени треба да бидат добро запознаени со политиката на интегритет, законската рамка, нивните обврски и задолженија, како и дисциплинските, кривичните и други постапки кои можат да бидат покренати и можните последици. Оттука произлегува дека во извршувањето на своите овластувања и должности, службениците треба да ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди.

Секоја форма на коруптивно, несоодветно, неетичко или неморално однесување треба да биде препознаена од страна на највисоките управувачки структури и санкционирана.

Силната заложба за спроведување на политиката на интегритет на раководството ќе биде операционализирана само доколку ваквата политика се применува подеднакво кон сите, без разлика на нивната позиција, како и без разлика на тоа за каков вид на прекршување станува збор.

Механизмите за откривање и за независна истрага на случаи на непрофесионално постапување, како што е корупцијата, претставуваат неопходен дел од една етичка инфраструктура. Неопходно е да постојат сигурни процедури и ресурси за набљудување, известување и за спроведување истраги за кршење на правилата на службата, како и пропорционални административни или дисциплински санкции за да се обесхрабри коруптивното однесување.

## III.12. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Дигитализацијата како приоритет подразбира постигнување на висок степен на модернизација на земјата преку користење на информатички технологии во приватниот и јавниот сектор. Дигиталните системи овозможуваат анализа на податоците во реално време, што води кон подобро стратешко одлучување.

Дигитализацијата на дел од процесите во надлежност и во рамки на Министерството за внатрешни работи ја подобрува ефикасноста при работењето, ги забрзува процесите, го намалува човечкиот контакт и можностите за корупција, овозможува висока транспарентност на сите нивоа, ја подобрува интеракцијата помеѓу учесниците и ги олеснува контролите, анализата на податоци и откривањето на корупција.

Дигитализацијата на работни процеси може да доведе до засилена одговорност и да обезбеди можност за подоцнежна контрола во употребата на дискреционите овластувања како и до нивно намалување. Со автоматизација или компјутеризација на работните процеси може да се подобри ефикасноста и ефективноста и да се отстрани голем дел од можностите за корупција.

Министерството за внатрешни работи и понатаму ќе се стреми кон највисок степен на автоматизација на работните процеси и кон постојано ревидирање на функционалноста на компјутерските апликации кои се во употреба.

Институциите во јавниот сектор исто така треба да ги следат правилата и прописите за ефикасно архивирање на поднесените документи, што е исто така клучно за отчетноста на институцијата кон граѓаните и нивните барања. Коректното водење со евиденцијата е суштествено за да и се влезе во трага на корупцијата. Јавниот пристап до информациите ја налага потребата од добар систем за раководење со евиденцијата во согласност со Процедурата за канцелариско и архивско работење.

Во таа насока, во соработка со ИЦИТАП програмата при Амбасадата на САД во Скопје, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во текот на 2025 година ќе спроведе целосна дигитализација на работните процеси со цел олеснување на пристапот на граѓаните или работниците кои сакаат да пријават незаконито и непрофесионално однесување од страна на работници во Министерството.

## IV. ОБВРСКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПРОГРАМА

Имплементацијата на Антикорупциската програма е обврска на сите раководители на организациските единици и треба да придонесе кон намалување на нивото на корупција, зајакнување на интегритетот, транспарентноста и отчетноста на Министерството, а сите вработени да дадат свој придонес за доследна, бескомпримисна и неселективна борба против корупцијата.

Во Акцискиот план за спроведување на Антикорупциската програма јасно се дефинирани надлежните организациски единици и нивните задачи со кои би се остварила заедничката цел-сведување на корупцијата на најниско ниво.

Антикорупциската програма на Министерството за внатрешни работи станува дел од Годишната програма за обуки со јасна временска рамка за реализација. Затоа е потребно секоја организациска единица задолжена за реализација на обврските од Антикорупциската програма да изготви извештај со активности и временски период за нивно реализирање во тековната година.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди преку воспоставен механизам за контрола е надлежен да ја следи реализацијата на Антикорупциската програма и активностите утврдени во Акцискиот план, кој е составен дел на истата.

**МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Панче Тошковски**